Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за култура (К) културни манифестации и творештво за 2024 (К4), Програма за работа на Дом на ултура Билјана Беличанец - Скопје за 2024 година (К4) и Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2024 година (КА)**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за култура (К) културни манифестации и творештво за 2024 (К4), Програма за работа на Дом на ултура Билјана Беличанец - Скопје за 2024 година (К4) и Програма културни манифестации и творештво - капитални трошоци за 2024 година (КА), донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/11
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и точка 13, член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ “ бр. 5/02), член 34 став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник  на Општина Кисела Вода“ бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на  Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**Програма за култура (К) културни манифестации и творештво за 2024 (К4), Програма за работа на Дом на ултура Билјана Беличанец - Скопје за 2024 година (К4) и Програма културни манифестации и творештво -  капитални трошоци за 2024 година (КА)**

1. Вовед

   Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
2. Извори и финансирање на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво.
- Општината обезбедува средства  од Буџетот на општина Кисела Вода за 2024 година.
3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2024 ГОДИНА**

| Проект 1 | ВОДИЦИ – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ |
|---|---|
| **Опис на активности** | Возобновена културна манифестација на 19 јануари, по повод верскиот празник Богојавление се фрла светиот Крст во водите на базенот„Расадник“ |
| **Стратешки насоки и цели:** | **Зачувување, негување и чествување на верските празници и традицијата.** |
| **Временска рамка** | **19.01.2024 година** |
| **Очекувани резултати:** | Негување на верската традиција |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **160 000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| Трошоци | **Потребно е озвучување, топли напитоци за присутните, награда за најсреќниот.** |

| | |
|---|---|
| Проект: 2 | **Одбележување на Националниот празник на Унгарците** |
| **Опис на активности** | Положување на свежо цвеќе на Спомен-плочата на Шандор Петефи, унгарски поет и револуционер во населба Драчево во соработка со Амбасадата на Р.Унгарија во Р. Македонија. Пред бистата се читаат наградените творби од „Конкурсот“ во основните училишта во Кисела Вода. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развој на билатералните односи на Р.Македонија со Р.Унгарија |
| **Временска рамка** | **15.03.2024** |
| **Очекувани резултати:** | Развој на билатерални односи |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта во Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **20.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Озвучување, цвеќе** |

| | |
|---|---|
| Проект 3 | **ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ** |
| **Опис на активности** | По повод Патрониот празник на Општина Кисела Вода пред ДОМОТ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ, во непосредна близина на храмот Св.Ѓорѓија се организира културно-забавен настан со содржини прилагодени за сите возрасти |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зачувување на традицијата и запознавање на младата популација со обичаите и значењето на верскиот празник Свети Ѓорѓија кој е востановен пред 26 години како Патронен празник на Општина Кисела Вода. |

| | |
|---|---|
| Временска рамка | 06. 05. 2024 |
| **Очекувани резултати:** | Негување на активностите на националните верски и културни традиции |
| Целна група: | Сите жители на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Бина, озвучување, хонорар на учесници и др. оперативни трошоци** |

| Проект 4 | ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ |
|---|---|
| **Опис на активности** | Положување свежо цвеќе пред спомен обележјето на рускиот поет Александар Сергеевич Пушкин и настан за Денови на рускиот јазик |
| **Стратешки насоки и цели:** | Соработка со Руската амбасада |
| Временска рамка | **06 - 10 јуни 2024 година** |
| **Очекувани резултати:** | Соработка со Руската амбасада |
| Целна група: | Културолошки настан за сите жители на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **20.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Озвучување, др.оперативни трошоци** |

| Проект 5 | КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА |
|---|---|
| **Опис на активности** | Традиционална културна манифестација која ќе трае подолг временски период во деновите од јуни и јули и ќе изобилува со разновидни културни содржини, (концерти, театарски претставувања и друго) наменети за различни целни групи кои ќе се одржуваат во парковите во Општина Кисела Вода, на Верско - рекреативниот центар „Три Круши“, и во Домовите на културата во општината. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Културниот и уметничкиот потен цијал на Општината |
| **Временска рамка** | **Јуни/јули 2024** |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати културни работници од Македонија и пошироко |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.000.000,00 денари** |
| **Организатор** | Економски  оператор кој трба да обезбеди услови за културните настани |
| **Трошоци** | **Бина со озвучување и со заштитна ограда, хонорар за соло пејачи или групи од домашната и странската музичка сцена, обезбедување, надоместок на ЗАМП, амбулантно возило, огномет и други услуги за организирање на култуно-уметнички настан за сите генерации** |

| | |
|---|---|
| **Проект 6** | ЛИКОВНА КОЛОНИЈА |
| **Опис на активности** | Сликарите со возила ќе одат на различни локации.  Покрај сликањето, за време на престојот во живописните места на Општина Кисела Вода, уметниците ќе ја посетат околината и културно-историските споменици во Општината. Крајот на работата на првата, колонија ќе биде означен со заедничка изложба, а ќе земат учество и учениците кои ќе учествуваат на колонијата организирана во Домовите на култура во Општината која ќе биде посетена од учениците од осумте основни општински училишта.Може на колонијата да учествуваат по 1-2 ученика од основните училишта (8 или 9 одделение) со посебни афинети кон ликовната уметност кои ќе цртаат. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Со манифестацијата Ликовна колонија се збогатува културниот капацитет и потенцијал |

| | |
|---|---|
| | на општината и истата се збогатува со дела од реномирани автори од регионот и пошироко кои ќе бидат изложени во Домовите на културата во Општината. |
| Временска рамка | **Јули/август 2024** |
| **Очекувани резултати:** | Збогатување на културниот капацитет на Општината |
| Целна група: | Уметници и талентирани ученици |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150,000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Материјали за уметниците, закуска, пијалоци, гориво за превоз)** |

| | |
|---|---|
| Проект 7 | **Ден на музиката на Шопен во паркот „Шопен“** |
| **Опис на активности** | Чествување на музичкото творештво на великанот Фредерик Шопен и популаризирање на класичната музика и промовирање на општо цивилизациските вредности од културата и уметноста кои ќе се реализираат во Парк Шопен и Дом на култура „Билјана Беличанец“; |
| **Стратешки насоки и цели:** | Популаризирање на класичната музика<br>Афирмација на младите и студентите по класична музика од Кисела Вода и градот Скопје |
| Временска рамка | 17.10.2024 |
| **Очекувани резултати:** | Развој на билатерални односи со Полска<br>Позиционирање на Кисела Вода како центар на музичките активности |
| Целна група: | Жителите на Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | 120.000,00 |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Озвучување, авторски договори** |
| Проект 8 | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | Финансиска поддршка за реализација на проекти од културата и уметноста на Здруженија и афирмирани уметници, млади - талентирани од обласата на културата и уметноста во Општина Кисела Вода. Со доделување на еднократна финансиска поддршка ќе се овозможи реализација на концерти, изложби, претстави, рецитали како и за печатење каталози, книги со што ќе придонесат за афирмација на општината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка на културно-уметничките работници за проекти со кои ќе се овозможи реализација на повеќе културни настани, промовирање на креативниот потенцијал на Општина Кисела Вода |
| **Временска рамка** | **Мај- декември 2024** |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на најмалку 25 проекти |
| **Целна група:** | Уметници, здруженија на музичари, балетски здруженија, фолклорни друштва, уметници аматери,просветни работници |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.600.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | Бина, озвучување, просторијаод Домовите на култура и парковите на територија на Општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| **Проект 9** | **НАГРАДА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО, ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА КУЛТУРАТА** |
| **Опис на активности** | Градоначалникот доделува еднаш годишно награда во вкупна парична вредност од 100.000,00 денари за личност од обласата на културата, уметничкото творештво, промоција и заштита на културата, која со своето дело |

| | |
|---|---|
| | придонела во културниот развој и афирмација на Општина Кисела Вода. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Афирмација и поддршка на културата и културните работници на територија на општина Кисела Вода |
| **Временска рамка** | **Мај-јуни 2024** |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација и поддршка на културата и културните работници на територија на општина Кисела Вода |
| **Целна група:** | Истакнати поединци од областа на културата |
| **Предвидена финансиска рамка** | **100.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | **Награда-60.000,00 денари**<br>**Озвучување-40.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Проект 10** | **УРБАН ФЕСТ** |
| **Опис на активности** | Вклучување на младите во организацијата на фестивалот. Програмска шема на фестивалот: изработка на мурали и графити, настап на музички групи, повеќе видови на работилници, предавања на теми кои ја засегнуваат прогресивна младина, продажни штандови со различни содржини (ракотворби, минијатурни ликовни изработки, музички плочи, цедеа, стари инструменти, книги, стрипови и слично). Се планира фестивалот да се организира во летниот период (месец август или септември), а истиот би се организирал во соработка со јавна институција и/или со граѓански здруженија и изведувачи кои ќе се пријават во текот на годината. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање на урбаната култура, пред сè културата која директно ги засега младите. Фестивалот финансиски ќе биде поддржан од Општина Кисела Вода во соработка со други јавни институции, здруженија и организации. |
| **Временска рамка** | **Септември-октомври 2024 година** |
| **Очекувани резултати:** | Развој на урбаната култура |
| **Целна група:** | Младите во Општина Кисела Вода |
| **Предвидена финансиска рамка** | **240.000,00 денари** |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода, Дом на култура БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ АЛЕКСИЌ СКОПЈЕ |
| **Трошоци** | **Озвучување,бина-100.000,00 денари**<br>**Др.потребни средства-140.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Проект 11** | **ХОРСКА СМОТРА** |
| **Опис на активности** | Со цел истакнување на талентот на учениците училишните хорови од сите осум основни училишта во Општина Кисела Вода настапуваат на заеднички концерт под мотото „Пееме во хор, пееме и соло”. Концертот не е со натпреварувачки карактер туку е можност на секое од ООУ да се претстават со свои изведби по свој избор и претставува дружење и меѓусебна соработка на учениците и наставниците по музичко од основните училишта, како и размена на нивните искуства. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттик и мотивирање на учениците да го истакнат својот талент |
| **Временска рамка** | **Мај-јуни 2024** |
| **Очекувани резултати:** | Препознавање на таленти |
| **Целна група:** | Учениците кои учествуваат во хорско пеење или имале соло настап од Општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | 40.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | Други оперативни трошоци(храна и пијалоци) - 30.000,00 денари<br>Услуги за печатење и копирање-10.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Проект 12** | **НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА ЗА ДЕЦА** |
| **Опис на активности** | Македонски актери ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на бајките. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарската уметност,културата |
| **Временска рамка** | Предновогодишните празници |
| **Очекувани резултати:** | Забава за децата и поттикнување на нивна интеракција и креативност. |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна и училишна возраст |
| **Предвидена финансиска рамка** | 100.000.00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | Други оперативни трошоци(озвучување) 40,000,00 денари<br>Учество на актери во претставата 60.000,00 денари |
| **Проект 13** | **Музичка аудиција за талентирани ученици** |
| **Опис на активности** | Аудиција за млади талентирани ученици кои што свират на музички инструменти или ученици кои имаат талент за пеење. Најуспешниот ученик својот талент би го покажал на некој настан организиран од Општина Кисела Вода |
| **Стратешки насоки и цели.** | Откривање на музички таленти од Општина Кисела Вода и поттикнување на љубовта кон музиката и пеењето кај младите |
| **Временска рамка** | Мај – јуни 2024 |
| **Очекувани резултати** | Со поддршката од општина Кисела Вода да се отворат можности за нови музички предизвици |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта од 1во до 9то одделение |
| **Предвидена финансиска рамка** | 300,000.00 денари |
| **Организатор** | Општина Кисела Вода |
| **Трошоци** | Хонорар за комисијата, награда за талентираните, бина, озвучување. |

| | |
|---|---|
| 1.ВОДИЦИ – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ | 160.000,00 денари |
| 2.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА УНГАРЦИТЕ | 20.000,00 денари |
| 3. ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ | 150.000,00 денари |
| 4. ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ | 20.000,00 денари |
| 5. КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 4.000.000,00 денари |
| 6. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА | 150.000,00 денари |
| 7. ДЕН НА МУЗИКАТА НА ШОПЕН ВО ПАРКОТ ШОПЕН | 120.000,00 денари |
| 8. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 1.600.000,00 денари |
| 9.НАГРАДА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗАДОСТИГНУВАЊАВО ОБЛАСТА НА УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО, ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА КУЛТУРАТА | 100.000,00 денари |
| 10.УРБАН ФЕСТ | 240.000,00 денари |
| 11.ФОЛКЛОРНА СМОТРА | 40.000,00денари |
| 12.НОВОГОДИШНА ПРЕТСТАВА ЗА ДЕЦА | 100.000,00 денари |
| 13.МУЗИЧКА АУДИЦИЈА ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ | 300.000,00 денари |
| **Вкупно:** | **7.000.000,00** |

## Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец – Скопје за 2024 година (К4)

Предлог програмата за работа на Домот на култура КВК е конципирана врз основа со согледувањата и анализите направени врз објективната состојба и потреби на граѓаните во Општина Кисела Вода. Како институција од колтурата, Домот на култура Билјана Беличанец првенствено ќе се грижи за задоволување на културните потреби на граѓаните од Општина Кисела Вода.
Согласно согледувањата, предлог програмата е конципирана во 4 сегменти:

- Општина Кисела Вода
- За потребите на Општината и општинската администрација
- Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура – Одделение за култура.
- **Аматерска програма**
  Задоволување на потребите на правни субјекти кои функционираат на територијата на Општина Кисела Вода

  а) **Градинки**
  Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност на територијата на општина Кисела Вода
  б**) Основни и средни училишта**
  - Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност за градинката

- Овозможување за изведба на изложби, драмска уметност, музичка и ликовна секција.
- Училишни општински натпревари на училиштата од Општина Кисела Вода или Училишни градски натпревари (драмска, музички/хорски изведби)

в) Здруженија на граѓани со посебни потреби

- Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на лицата со посебни потреби

г) **Здруженија на пензионери**

- Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на здруженијата на пензионери од Општина Кисела Вода

Горенаведените здруженија, училишта, градинки и општината просториите на Домот на култура Билјана Беличанец ќе ги добиваат без надоместок во договор со директорот на домот.

- **Професионална програма за задоволување на културните потреби на граѓаните на Општина Кисела Вода:**
- Сопствена продукција: Театарски претстави, со финансиска поддршка од Општина Кисела Вода.
- Кино: Прикажување на филмови во соработка со Агенцијата за филм на Република Македонија
- Гостување на реномирани театарски и други установи од областа на култура од Републиката и странство, со финансиска поддршка она Општина Кисела Вода.
- **Изнајмување на простор**
- Изнајмување на простор за разни културни настани и други манифестации на принцип на одредување на фиксна цена по термин
- Изнајмување на простор за разни културни настани и други манифестации на принцип на одредување на процент од билети.

**Вака концепираната програма за работа опфаќа задоволување на културните потреби на голем број на граѓани на Општина Кисела Вода притоа водејќи грижа за сите категории на граѓани, како и за сите возрасни групи.**

Пред се приспособување на подрумот на домот во галериски простор ( барање бр.08-3747 на ден 02.05 2023год. )

| | |
|---|---|
| 1. Проект | **Ликовен израз / промоција на ликовни автори од Општина кисела Вода** |
| Опис на активноста | Двомесечна маркетинг и ликовна поставка -изложба на дела на уметници од Општина Кисела Вода |
| Стратешки насоки и цели | Афирмирање на ликовните уметници од Општината Кисела Вода и негување и возвишување на ликовната култура од сите сфери |

| | |
|---|---|
| Временска рамка | Двомесечно до крајот на 2024 година |
| Очекувани резултати | Исполнета фреквенција на граѓани од ликовниот свет и општата публика на годишно ниво „Културно собирање” во ДКББ и збирна колекција на ликовни дела |
| Целна група | Сите жители на Општина Кисела Вода и пошироко |
| Предвидена финансиска ставка | 180.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Финансиска поддршка на уметник – шест уметници за 2024 година и хигиена |

| | |
|---|---|
| 2.Проект | **Фестивал на детски преставиі** |
| Опис на активноста | Детска претстава на дадена тема, културен натпревар на О.У или Градинки од Општина Кисела Вода |
| Стратешки насоки и цели | Развивање љубов кон театарот и запознавање со неговата фантазија кај нај младата генерација во Општина Кисела Вода |
| Временска рамка | **Месец ноември 2024** |
| Очекувани резултати | Опширна рамка за запознавање на театарот - неговата магија кај најмладата публика во Општина Кисела Вода |
| Целна група | Жители од четири до четиринаесет годишна возраст од Општина Кисела Вода |
| Предвидена финансиска рамка | 660.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Финансиска поддршка на О.У или Градинки, изработка на награди и техничка организација и хигиена |

| | |
|---|---|
| 3.Проект | **Гејм Фест** |
| Опис на активноста | Отворен натпревар ( културно ривалство ) помеѓу два тима на играчи на компјутерска симулација – игра |
| Стратешки насоки и цели | Креирање на по благ пристап на младата адолесцентна генерација и интеракција со ДКББ како едно културно катче |
| Временска рамка | Месец Мај 2024 година |
| Очекувани резултати | Анимирање на младата генерација од Општина Кисела Вода и подигнување на маркетингот на ДКББ |
| Целна група | Млада генерација на жители од Општина Кисела Вода и пошироко |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка | 330.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, организација, рента на техника биро и столчиња и хигиена |

| | |
|---|---|
| 4.Проект | **Гејм Џем** |
| Опис на активности | Креирање на компјутерска игра збир на сите сфери од потребниот тим за создавање игра и нивна интеракција со публиката отворено 24 часа |
| Стратешки насоки и цели | Запознавање на пошироката јавност од сите категории на граѓани со капацитетот на Домот и воедно подигнување на маркетингот на самиот Дом |
| Временска рамка | Месеци од есен 2024 |
| Очекувани резултати | Позитивен маркетинг на Општина Кисела Вода и Дом на култура Билјана Беличанец |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска рамка | 210.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Организација, рента техника и опрема и инвентар и хигиена |

| | |
|---|---|
| 5.Проект | **Балкан театар фест** |
| Опис на активности | Фестивал на театарски претстави во времетраење од шеснаесет дена |
| Стратешки насоки и цели | Оформување на меѓународни маркетиншки контакти афирмација на Општина Кисела Вода и Домот како негувател на културни вредности |
| Временска рамка | Месец Јули Август 2024 |
| Очекувани резултати | Позитивен маркетинг за Општина Кисела Вода и Дом на култура Билјана Беличанец |
| Целна група | Сите категории на граѓани од Општина Кисела Вода и подалеку |
| Предвидена финансиска рамка | 930.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Организација, техничка и финансиска поддршка |

| | |
|---|---|
| 6. Проект | **Балкан Шорт** |

| | |
|---|---|
| Опис на активности | Фестивал на краткометражни филмови од различен жанр |
| Стратешки насоки и цели | Култивирање на краткометражна форма на видео материјал како една посебна гранка во филмската индустрија |
| Временска рамка | Месец Септември 2024 година |
| Очекувани резултати | Позитивна маркетинг агенда за Општина Кисела Вода и Домот и создавање на повеќегодишно филмско предание |
| Целна група | Сите категории на граѓани од Општина Кисела Вода и пошироко |
| Предвидена финансиска ставка | 498.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| трошоци | Организација, техничка поддршка хонорар |

| | |
|---|---|
| 7.Проект | **Балкан морал кат** |
| Опис на активности | Фестивал на краткометражни филмови од различен жанр |
| Стратешки насоки и цели | Поткрепа на млади автори нивна афирмација и морална подршка |
| Временска рамка | Месец Октомври 2024 година |
| Очекувани резултати | Позитивен маркетинг за Општината како генеза на нова култура |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 438.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Организација, техничка поддршка и хигиена |
| | |

| | |
|---|---|
| 8. Проект | **Скопје њу бренд бенд** |
| Опис на активности | Отворен музички фестивал во времетраење од два дена |
| Стратешки насоки и цели | Промоција на новокомпонирани млади музички бендови од Општина Кисела Вода |
| Временска рамка | Месец Јули 2024 година |
| Очекувани резултати | Позитивна афирмација на млади бендови од општина Кисела Вода |

| | |
|---|---|
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 180.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, техничка поддршка и организација |

| **9. Проект** | **Графит фест** |
|---|---|
| Опис на активности | Изработка на графити на мобилни банер ѕидови и нивно времено излагање |
| Стратешки насоки и цели | Анимација на сите категории на граѓани нивно запознавање со модерна ликовна техника и нејзина адаптација |
| Временска рамка | Во текот на 2024 година |
| Очекувани резултати | Запознавање на населението со една од по новите ликовни изрази и разбирање на нејзините културни вредности |
| Целна група | Сите категории на граѓани |
| Предвидена финансиска ставка | 252.000,00 денари |
| Организатор | Дом на култура Билјана Беличанец |
| Трошоци | Маркетинг, техничка поддршка, организација, бина и озвучување |

Останато: КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ

Вработување на директор месечно ниво бруто плата ............................60.000,00 денари

Вработување на директор дванаесет месеци вкупно................................720.000,00 денари

Сметководствено биро за дванаесет месеци.................................................40.000,00 денари

Комунални трошоци за дванаесет месеци...................................................140.000,00 денари

**Вкупно**........................................................................................................**900.000,00** денари

## Предлог буџет и програма за работа на ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ –Скопје за 2024 година

| | |
|---|---|
| 1. ЛИКОВЕН ИЗРАЗ/ ПРОМОЦИЈА ИЗЛЖБИ НА АВТОРИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА И ПОШИРОКО | 180.000,00 ДЕНАРИ |
| 2. ФЕСТИВАЛ НА ДЕТСКИ ПРЕТСТАВИ | 660.000,00 ДЕНАРИ |
| 3. ГЕЈМ ФЕСТ | 330.000,00 ДЕНАРИ |

| | |
|---|---|
| 4. ГЕЈМ ЏЕМ | 210.000,00 ДЕНАРИ |
| 5. БАЛКАН ТЕАТАР ФЕСТ | 930.000,00 ДЕНАРИ |
| 6. БАЛКАН ШОРТ | 498.000,00 ДЕНАРИ |
| 7. БАЛКАН МОРАЛ КАТ | 438.000,00 ДЕНАРИ |
| 8. СКОПЈЕ НЈУ БРЕНД БЕНД | 180.000,00 ДЕНАРИ |
| 9. ГРАФИТ ФЕСТ | 252.000,00 ДЕНАРИ |
| Вкупно-програма К 4 | 3.678.000,00 денари |
| Општина Кисела Вода -кофинансира | 1.100.000,00 денари |

**Забелешка:** Општина Кисела Вода ќе кофинансира за проектите од Дом на култура„Билјана Беличанец“,Скопје, останатите средства ќе бидат од самофинансирачката сметка на Домот на култура за изнајмување простории во домот за културни настани и едукативни работилници.

**Вкупно: Програма за култура (К4)......................................... 9.000.000,00 денари**

**Програма (КА)**
**Културни манифестации и творештво – капитални трошоци за 2023 година**

1. Вовед
   Со оваа програма се уредува:
   - Извори на финансирање на програмата (КА)

Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Воца за 2023 година
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

2. Трошоци за реализација на програмата
3. Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

**Поставување спомен обележје во чест на Цветан Димов -** познат меѓу народот како Целе Чаирчанец, (Скопје, 5 март 1910 - Скопје, 9 јули 1942) — македонски комунист, синдикалец, и учесник во НОБ. Заедно со Орце Николов бил еден од најистакнатите организатори на работничкото и комунистичкото движење во Скопје помеѓу двете светски војни. На 26 јули 1945 година, е прогласен за народен херој

на Југославија, како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување.
**Локација:** Крстосница меѓу улица "Божидар Аџија и " улица "Христо Татарчев"
**Потребни средства...............................................................300.000.00 денари**

**Поставување на спомен обележје во чест на Сергеј Есенин познат руски и светски поет (1895 – 1925):** На иницијатива на амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија, Град Скопје и во соработка со Општината Кисела Вода ќе се постави биста излеана со бронза со ликот на Сергеј Есенин.
Бистата ке биде донација од Руската амбасада.
**Локација:** Во паркот на улица "Есенинова"

**(КА) Културни манифестации и творештво- капитални трошоци**
**Поставување спомен-обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода**

| | |
|---|---|
| 1.Поставување спомен обележје на Цветан Димов | 300.000,00 денари |
| 2.Поставување на спомен обележје на познатиот руски и светски поет Сергеј Есенин | Без финансиски средства |
| Вкупно ........................................................................ | 300.000,00 денари |

**Вкупно: Програма(К4 ) и Програма (КА)**

**БУЏЕТ ПРОГРАМА за КУЛТУРА(К4) за Културни манифестации и творештво 2023**
**......................................................................................................9.000.000,00 денари**

**(КА) Културни манифестации и творештво- капитални трошоци**
**Поставување спомен-обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода.......................300.000.00 денари**

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО Предлог- Буџет за Програма за култура К4** | **9.300.000,00 денари** |

**Вкупно: Програма (КА), Програма(К4) и Дом на култура Билјана Беличанец,Скопје**

**БУЏЕТ И ПРОГРАМА за КУЛТУРА (К4) за Културни манифестации и творештво 2024...................................... 9.300.000,00 денари**

**3.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (К)**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година.

**4.ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за култура (К) ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/13
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.